Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 83 2 јули 2012 година

јули 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област меѓународна економија на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 10

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област финансии и банкарство на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 20

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област производно машинство, технологии и системи на Машински факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 31

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 35

**РЕФЕРАТ** за избор на соработник во соработничко звање асистент за научната област англистика на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 45

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Скрипта по хотелиерство” од д-р Нако Ташков и д-р Дејан Методијески од Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 50

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Претклиничка кариологија“ од насл. доц. д-р Лидија Поповска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 52

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Профилакса на орални болести“ од доц. д-р Цена Димова, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ........ 55

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 58

**ПРИГОВОР** од Владимир Арсов ........ 59

**ОДГОВОР** на Приговор од Владимир Арсов ........ 60

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ/ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНА СЛУЖБА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип донесе Одлука број 2502-145/10 од 29 декември 2011 година за распишување на Конкурс за избор на наставник во насловно звање ***доцент/вонреден професор*** за наставно-научната област ***организација на здравствена служба*** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. На 18 април 2012 година, Наставно-научниот совет донесе Одлука број 2502-126/10 и Решение број 2502-126/11 за претседател, 2502-126/12 член и 2502-126/13 член, за формирање на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент/вонреден професор за наставно-научната област организација на здравствена служба, во следниов состав:

- д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор, вработен на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, претседател;
- д-р Милица Ивановска, редовен професор, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член;
- д-р Милка Здравковска-Јанкуловска, вонреден професор, вработена на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Дневник" и „Лајм" од 3 април 2012 година. Во предвидениот рок се пријави кандидатката примариус д-р сци. Весна Спирова. Врз основа на приложената документација на кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**Примариус д-р сци. Весна Спирова** е родена во 1957 год. во Скопје. Студиите ги завршува на Медицинскиот факултет во Скопје, во 1981 г., со просечна оценка 9,84.

Специјалистичкиот испит по социјална медицина со организација на здравствената дејност го положува во 1994 година и се стекнува со звањето лекар специјалист од оваа специјалност.

Докторската дисертација со наслов „Надзорот над стручната работа во функција на унапредувањето на квалитетот на здравствената заштита во Република Македонија" ја одбранува на Медицинскиот факултет во Скопје во 2004 година.

Со звањето примариус се стекнува во 2007 година.

Активно го владее англискиот јазик.

***Вработување и работно искуство***

Во 1982 година се вработува во Здравствениот дом - Скопје, во РЕ Примарна здравствена заштита - Центар. Во 1990 година преминала во Институтот за социјална медицина при Заводот за здравствена заштита - Скопје, каде што и денес работи како шеф на Отсекот за здравствена статистика.

За помлад асистент при Катедрата за хигиена со социјална медицина и медицина на трудот при Медицинскиот факултет во Скопје е избрана во 1992 година, а за асистент при Катедрата за социјална медицина е избрана и реизбрана во 1996, 2001, 2004 и 2007 година.

Во втората половина на 1995 година активно учествува во едукација на здравствените работници на подрачјето на Скопје во врска со новините и примената на десеттата ревизија

на Меѓународната статистичка класификација на болестите и сродните здравствени проблеми.

Во 1996 година е назначена од Министерството за здравство на Р. Македонија за локален консултант во работната група за дизајнирање на основниот пакет на услуги при Меѓународната проектна единица во рамките на процесот за реформирање на системот на здравствена заштита во Р. Македонија.

Во учебната 1999/2000 година остварила едногодишен престој на Џорџ Вашингтон универзитетот во Вашингтон D.C., САД, на постдипломски студии од областа на јавното здравство во рамките на ECESP - програмата спонзорирана од УСАИД и се здобива со сертификат за раководење во јавното здравје, A Certificate in Public Health Administration.

Во периодот од 2006 до 2008 година учествува во наставата како соработник на програмата и Школата по јавно здравство при Медицинскиот факултет-Скопје, по курсевите „Социјални и бихевиорални науки за здравјето" и „Фамилијарни и специјални здравствени потреби".

Во 2010 година со решение од министерот за здравство на Р. Македонија е назначена за член на Работната група за започнување на подготовките на процесот на акредитација во болниците во Р. Македонија.

Со решение од министерот за здравство на Р. Македонија во 2011 година е именувана за координатор на Групата за надворешни оценувачи за квалитет и акредитација.

***Наставна област***

Активно учествува во спроведувањето на практичната семинарска и теренска настава по предметите Социјална медицина и Вовед во медицината за студентите на Медицинскиот и Стоматолошкиот факултет во Скопје и Вишата школа за РТГ техничари во Скопје.

Во 1992 година активно учествува во наставата на едномесечниот Семинар по здравствен менаџмент во организација на Интернационалниот центар за менаџмент во Скопје, за што се здобива со соодветно уверение.

Медицински факултет - Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје:

– Социјална медицина;
– Вовед во медицината.

***Членство во професионални асоцијации***

Член е на Специјалистичкото здружението на лекарите по социјална медицина при МЛД, а во периодот од 1997 до 1999 година била секретар.

Член е на Македонско-американската алумни асоцијација, Macedonian-American Alumni Association.

***Посета на меѓународни конгреси***

Во мај 1995 година се здобива со сертификат за учество на Првиот европски регионален конгрес за дроги, алкохол, тутун и здравје, одржан во Хелсинки, Финска, под покровителство на Меѓународниот центар за превенција на злоупотреба на дрога во училиштата.

Во текот на своето работење активно учествува во голем број стручни манифестации и е автор или коавтор на повеќе од 50 трудови, од нив 49 веќе рецензирани при нејзиниот избор и реизборите за асистент, при што рецензиите се сукцесивно објавувани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Во рамките на спроведувањето на активностите за остварување на билатералната спогодба за соработка во областа на здравството и медицинските науки помеѓу владите на Р. Турција и Р. Македонија, учествувала на Школата за стандарди за квалитетни услуги во Анталија, Р.Турција, реализирана од Секторот за раководење со работата и квалитетот во здравството при Министерството за здравство на Р.Турција, во март 2011 година.

***Проекти***

Во периодот од 1994 до 1998 година учествува во работата на Комисијата за унапредување на здравјето со експертите од Светската банка во процесот на изготвување

Предлог - проект за реформа на здравствениот систем во Р. Македонија.

Во февруари 1999 година успешно го завршува Националниот семинар за информативни системи за droги во Р. Македонија, одржан во Скопје, во рамките на ФАРЕ Проектот за информативни системи за droги.

Во 2001 година учествува во проектниот тим за спроведување на Проектот „Унапредување на здравјето и превенција на болестите" во изработката и издавањето на брошурата „Превенција на рак на дојка".

Во мај 2007 година се здобива со Сертификат од Министерството за здравство на Р. Македонија, Проектна единица за координација, за предавач на Програмата за континуиран професионален развој на менаџерите во здравството во Р. Македонија, Continuing professional development program for senior health care managers in Macedonia.

Во септември 2007 година е вклучена во реализацијата на проектот Воспоставување информационен систем за адолесцентно здравје во рамките на Договорот за соработка за 2007 г. склучен помеѓу Министерството за здравство и УНИЦЕФ.

Во октомври 2008 година се здобива со Сертификат за успешно учество на проектот The Health Management and Governance Project Training for Healths Communities, во организација на CDC од САД и Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" од Скопје.

***Признанија и награди***

За успешната работа и спроведените активности Македонското лекарско друштво ѝ ги доделило следниве признанија: благодарница во 1996 година, диплома во 1999 година и плакета во 2006 година.

***Наставно-образовна дејност***

**Вежби** (просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)

Примариус д-р сци. Весна Спирова за периодот 1993-2007 година држела практична семинарска настава и практична теренска настава по предметите Социјална медицина и Вовед во медицината за студентите по медицина, стоматологија, како и за студентите од стручните тригодишни студии. Исто така, држела семинарска практична настава од областа на социјална медицина за студентите по општа медицина од VI година, XII семестар.

Просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период изнесува 16 часа неделно.

(16 часа неделно x 14 години = вкупно 224 часа x 0,2 = вкупно 44,8 поени)

Одржани предавања на постдипломски студии по одржан курс 2005/2006, 2006/2007 и 2007/2008 година.

За магистри по јавно здравство:

1. „Фамилијарни и специјални здравствени потреби" – 2 часа;
2. „Социјални и бихевиорални науки за здравјето" - 2 часа (вкупно 4 часа годишно x 3 години = вкупно 12 часа x 3 = 36 поени).

***Научноистражувачка дејност:***

***Национални и интернационални научни проекти:***

1. „Унапредување на здравјето и превенција на болестите", 2001 година.
2. Проект - Воспоставување информационен систем за адолесцентно здравје, во рамките на Договорот за соработка за 2007 г. склучен помеѓу Министерството за здравство и УНИЦЕФ.
3. The Health Management and Governance Project Training for Healths Communities, Проектот претставува меѓународен научен проект, израз на партнерска соработка помеѓу Министерството за здравство на Р.Македонија, Медицинскиот факултет - Скопје, Катедра за социјална медицина, Фондацијата Институт отворено општество – Македонија, Школата за јавно здравство „Андрија Штампар" од Загреб и Center for Disease Control-Atlanta, во 2008 година.

   (Вкупно три проекта – 3 x 2 поени= 6 поени)

Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир.

Трудови со реден број - 5,10,13,20,25,47,48,51,53 и 54 (вкупно 10)

(10 x 1 поен= вкупно 10 поени)

***Учество на научен собир со реферат***

Усна презентација, три научни собири во земјава (3 x 1,5 поени = вкупно 4,5 поени).

Постер-презентација, седум научни собири во земјава (7x1 поени= вкупно 7 поени).

Докторската дисертација со наслов „Надзорот над стручната работа во функција на унапредувањето на квалитетот на здравствената заштита во Република Македонија" (1 x 8 поени = 8 поени).

Престој на Џорџ Вашингтон универзитетот во Вашингтон Д.Ц., САД, на постдипломски студии од областа на јавното здравство (1 x 8 поени = 8 поени).

***Стручно-апликативна дејност***

Признанија: благодарница во 1996 година, диплома во 1999 година и плакета во 2006 година. (3x 4 поени = 12 поени).

***Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на стручен собир:***

Во земјава - трудови со реден број 1, 2, 3, 4, 7, 8, 9, 11, 12, 14, 15, 16, 17, 18, 19, 21, 22, 23, 24, 26, 27, 28, 31, 32, 33, 34, 35, 38, 39, 40, 41, 42, 43, 44, 45, 46 и 49 (вкупно 37).

Во странство – трудови со реден број 6, 29, 30, 36, 37, 50, 52 и 55 (вкупно 8).

(37 x 2 поени = 74 поени и 8 x 3 поени = 24 поени = вкупно 74+24= 98 поени).

Пленарно предавање на стручен собир - труд бр.56 и 57 (2 x 2 поени = вкупно 4 поени).

Автор и коавтор е на 57 труда, печатени во научно-стручни медицински списанија и презентирани на конгреси и стручни состаноци во земјава и во странство.

***Листа на рецензирани трудови:***

***Трудовите од реден број 1 до 10 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 594 од 20 април 1993 година:***

1. Б. Мијалков, В. Механџиска, **В. Спирова**, И. Петрушевски:
   „Оправданоста на стручната верификација на боледувањата издадени од лекар поединец вон организираната диспанзерска здравствена заштита". II Конгрес на здравствените домови на Југославија, Струга, октомври 1985 г. Зборник на трудови, стр. 112.
2. **В. Спирова**, Б. Мијалков, В. Механџиска:
   „Состојбата на слухот при група тунелски работници во ГРО Маврово, Скопје". VII Конгрес медицине рада Југославије, Будва, октомври 1987 г., Зборник радова, стр. 128-129.
3. Б. Мијалков, В. Механџиска, **В. Спирова**:
   „Професионални штетности, ризици и професионална патологија во тунелоградбата". VII Конгрес медицине рада Југославије, Будва, октомври 1987 г., Зборник радова, стр. 306-307.
4. В. Механџиска, Б. Мијалков, **В. Спирова**:
   „Микроталасно зрачење, примена, ризици и коинциденција во центарот за ЕОП при ГРО Маврово, Скопје". VII Конгрес медицине рада Југославије, Будва, октомври 1987 г. Зборник радова, стр. 180-181.
5. Б. Мијалков, В. Механџиска, **В. Спирова**:
   „Доцнежни (позни) силикози кај тунелски работници во изменети работни и животни услови". VIII Пулмолошки денови, научно-стручен состанок, Охрид, октомври 1987 г., Зборник на трудови, стр. 75.
6. Б. Мијалков, **В. Спирова**:
   „Белодробни хилуси и силикоза". XXe Semaine medicale Balcanique, Atina, септември 1988 г. Archives de l' Union Medicale Balcanique, стр. 94.
7. Б. Мијалков, **В. Спирова**, Н. Ежова:

„Силикокарцинома - дијагностички и диференцијално дијагностички аспект”. IV Југословенски симпозијум о пнеумокониозама и осталим професионалним бронхопнеумопатијама, Сокобања, 1989 г., Зборник радова, стр. 427-429.

8. Б. Мијалков, **В. Спирова**, В. Механџиска:

„Епидемиолошки и етиопатогенетски аспект на алергичните професионални дерматози во градежништвото”. Астма и алергози - стручно советување, Охрид, мај 1989 г., Зборник на трудови.

9. Б. Мијалков, С. Тошев, **В. Спирова**:

„Фотоплетизмографски промени на горните екстремитети кај тунелски работници - бушачи изложени на вибрации во производниот процес”. Заштита радника на раду и медицина рада, 3/90, стр. 25-33, Нова Просвета, Београд.

10. М. Каранфилова, С. Пешева, **В. Спирова**, А. Србова:

„Праћење болничког морбидитета у болничким здравственим организацијама на подручју Скопља”. Први конгрес медицинске информатике Југославије, Белград, декември 1990 г. Зборник радова, стр. 419-421.

***Трудовите од реден број 11 до 19 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” број 654 од 15 февруари 1996 година:***

**11. В. Спирова**, М. Каранфилова, С. Пешева, И. Митревски:

„Морбидитет и морталитет од цереброваскуларните заболувања на подрачјето на град Скопје”. XIII Конгрес на лекарите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 1991 г., Зборник на апстракти, стр. 53.

12. М. Каранфилова, С. Пешева, **В. Спирова**, И. Митревски:

„Исхемичните заболувања на срцето кај населението од подрачјето на Скопје”. XIII Конгрес на лекарите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, јуни 1991 г., Зборник на апстракти, стр. 15.

13. М. Каранфилова, **В. Спирова**, И. Митревски:

„Малигните неоплазми на трахеја, бронхи и бели дробови кај населението на подрачјето на Скопје”. X Пулмо-алерголошки научно-стручен состанок, Охрид, септември 1991 г., Зборник на апстракти, стр. 69.

14. М. Каранфилова, И. Митревски, А. Србова, **В. Спирова**:

„Застапеноста на астмата кај скопското население”. Прв македонски пулмо-алерголошки конгрес со меѓународно учество, Охрид, септември 1993 г., Зборник на апстракти, стр. 43.

15. М. Каранфилова, **В. Спирова**, И. Митревски, А. Србова:

„Туберкулозата на органите за дишење кај населението на Скопје и спроведувањето на превентивните активности за нејзино намалување”. Прв македонски пулмо-алерголошки конгрес со меѓународно учество, Охрид, септември 1993 г., Зборник на апстракти, стр. 351.

16. Б. Мијалков, **В. Спирова**:

„Силикозата во терминалната фаза и малигнитетот”. Прв македонски пулмо-алерголошки конгрес со меѓународно учество, Охрид, септември 1993 г., Зборник на апстракти, стр. 92.

17. Ф. Тозија, **В. Спирова**:

„Ехинококозата во болничкиот морбидитет на населението на Скопје и Македонија”. Прв македонски пулмо-алерголошки конгрес со меѓународно учество, Охрид, септември 1993 г., Зборник на апстракти, стр. 500.

**18. В. Спирова**, И. Митревски, М. Каранфилова:

„Ангажираноста на болничките капацитети на подрачјето на Скопје во дијагностицирањето и третманот на малигните неопластични заболувања на белите дробови и плеврата”. Прв македонски пулмо-алерголошки конгрес со меѓународно учество, Охрид, септември 1993 г., Зборник на апстракти, стр. 319.

19. М. Каранфилова, И. Митревски, **В. Спирова**, А. Србова:

„Примарната здравствена заштита на децата од 0 до 6 години - кадровска обезбеденост и можности за развој на подрачјето на Скопје”. Конгрес на педијатрите на Македонија со меѓународно учество, Струга, јуни 1994 г. Книга на апстракти.

***Трудовите од реден број 20 до 31 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 765 од 31 октомври 2000 година:***

20. М. Каранфилова, И. Митревски, **В. Спирова**, А. Србова:
„Примарната здравствена заштита на децата од 0 до 6 години - кадровска обезбеденост и можности за развој на подрачјето на Скопје". Македонски медицински преглед 1994; 48: 110-14.

**21. В. Спирова**, М. Каранфилова, А. Србова, Ј. Мавродиева:
„Канцерот на желудникот во смртноста и патологијата на населението на територијата на Р. Македонија и Скопје, одделно". XIV Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 1995 г. Книга на апстракти, стр. 315.

22. М. Каранфилова, **В. Спирова**, А. Србова, Ј. Мавродиева:
„Канцерот на трахејата, бронхот и белите дробови - сериозен здравствен проблем на скопското население". XIV Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 1995 г. Книга на апстракти, стр. 159.

23. А. Србова, М. Каранфилова, **В. Спирова**, Ј. Мавродиева:
„Малигните тумори на оварiумите како причина за смрт кај скопската популација". XIV Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 1995 г. Книга на апстракти, стр. 400.

24. Н. Цветанова, **В. Спирова**, М. Каранфилова:
„Улогата на здравственото воспитание во превенцијата на малигните неоплазми". XIV Конгрес на лекарите на Македонија, Охрид, 1995 г. Книга на апстракти, стр. 400.

25. В. Цветанов, Ј. Караџинска-Бислимовска, **В. Спирова** и други.
„Епидемиологија на астма во Република Македонија - мултицентрична студија". Македонски медицински преглед 1996; 50 (суплемент 23): 41.

**26. В. Спирова**, М. Каранфилова, И. Глигоров:
„Некои епидемиолошки аспекти на астмата кај нас". Македонски медицински преглед 1996; 50 (суплемент 23): 60.

**27. В. Спирова**, М. Каранфилова, И. Глигоров:
„Некои епидемиолошки особености на системските заболувања на сврзното ткиво кај нас". Македонски медицински преглед 1996; 50 (суплемент 23): 60.

28. И. Глигоров, **В. Спирова**, М. Каранфилова:
„Уртикарија кај населението од подрачјето на Град Скопје во периодот 1990-1994". Македонски медицински преглед 1996; 50 (суплемент 23): 130.

29. М. Каранфилова, **В. Спирова**, А. Србова, Ј. Мавродиева:
„Болестите на циркулаторниот систем и исхемичната болест на срцето-актуелен и иден здравствен проблем на скопското население". 31. Денови на превентивната медицина, СРЈ, Ниш, 1997. Зборник на резимеа, стр. 168.

30. М. Каранфилова, **В. Спирова**, А. Србова, В. Атанасова:
„Регистарот за рак и неговото значење во следењето и проучувањето на малигните неоплазми". 31. Денови на превентивната медицина, СРЈ, Ниш, 1997. Зборник на резимеа, стр. 51.

31. В. Симоновска, М. Каранфилова, **В. Спирова,** А. Србова:
„Салмонелозите се уште актуелен проблем на подрачјето на Скопје". I Конгрес на микробиолозите на Македонија, Охрид, 1997 г.. Македонски медицински преглед, 51: (суплемент 24), Зборник на резимеа, стр. 111.

***Трудовите од реден број 32 до 42 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" број 845 од 16.2. 2004 год.:***

**32. В. Спирова**:
„Квалитетот на здравствената заштита-можности за поинаков пристап". I Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија, Охрид, октомври 1998 г.. Македонски медицински преглед, 52: (суплемент 33), Зборник на резимеа, стр. 32.

**33. В. Спирова**, М. Каранфилова, А. Србова:
„Оптовареноста на скопското население со малигни неоплазми". I Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија, Охрид, октомври 1998 г.. Македонски медицински преглед, 52: (суплемент 33), Зборник на резимеа, стр. 33-4.

34. М. Каранфилова, А. Србова, **В. Спирова** и др.:
„Некои епидемиолошки карактеристики на ракот на белите дробови кај нас”. I Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија, Охрид, октомври 1998 г.. Македонски медицински преглед, 52: (суплемент 33), Зборник на резимеа, стр. 38.
35. Србова, М. Каранфилова, **В. Спирова**:
„Застапеноста на дијабетес мелитус кај скопската популација од социјално-медицински аспект”. I Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија, Охрид, октомври 1998 г.. Македонски медицински преглед, 52: (суплемент 33), Зборник на резимеа, стр. 182.
36. В. Симоновска, М. Спасовски, **В. Спирова** и др.:
Ischaemic disease of the heart as an actual problem in the region of the city of Skopje. First Congress of Social Medicine – Public Health of B&H with international participation, Сараево, март 2001 г.. Медицински архив, Сарајево 2001; 55(1): 54.
**37. В. Спирова**:
“R. Macedonia: the state of the health care system and its perspective. First Congress of Social Medicine – Public Health of B&H with international participation,, Сараево, март 2001 година. Медицински архив, Сарајево 2001; 55(1): 45.
38. М. Каранфилова, **В. Спирова** и др.:
„Стручниот кадар во системот на здравствената заштита во Скопје”. II Конгрес на лекарите од превентивната медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2002 г.. Македонски медицински преглед 56: (суплемент 52), Зборник на резимеа, стр. 106.
39. П. Малинска, М. Спасовски, М. Каранфилова, **В. Спирова** и др.:
„Хоспитализирани болни од душевни растројства и растројства во однесувањето предизвикани со употребата на алкохол на подрачјето на Град Скопје”. II Конгрес на лекарите од превентивната медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2002 г.. Македонски медицински преглед 56: (суплемент 52), Зборник на резимеа, стр. 7.
40. П. Малинска, М. Спасовски, М. Каранфилова, **В. Спирова**:
Евалуација на просечно траење на лекувани болни од циркулаторни заболувања”. II Конгрес на лекарите од превентивната медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2002 г.. Македонски медицински преглед 56: (суплемент 52), Зборник на резимеа, стр. 11.
41. В. Симоновска, С. Трајковска, М. Каранфилова, **В. Спирова** и др.:
„Хиперлипидемија-неспецифичен ризик фактор во појава на исхемични болести на срцето”. II Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2002 г.. Македонски медицински преглед 56: (суплемент 52), Зборник на резимеа, стр. 11.
42. А. Србова, М. Каранфилова, **В. Спирова** и др.:
„Заболувањата на мускулно-скелетниот систем и сврзното ткиво на подрачјето на Скопје во примарната здравствена заштита”. II Конгрес на лекарите од превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2002 г. Македонски медицински преглед 56: (суплемент 52), Зборник на резимеа, стр. 114.

***Трудовите од реден број 43 до 49 се рецензирани во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” број 913 од 15.2. 2007 година:***

**43. В. Спирова**, В. Симоновска:
„Задоволството на корисниците-значаен критериум за квалитетот на здравствената заштита”. I Македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество, Струга, јуни 2004 г.. Зборник на трудови, стр. 267.
44. В. Симоновска, **В. Спирова**:
„Болестите на циркулаторниот систем актуелен здравствен проблем на подрачјето на град Скопје”. I Македонски конгрес на медицина на трудот со меѓународно учество, Струга, јуни 2004 г. Зборник на трудови, стр. 135.
45. В. Симоновска, **В. Спирова**, А. Стојанов, Б. Даниловска:
„Дистрибуција и зачестеност на заразните болести на населението на Град Скопје

во период од 1996 до 2005 година". Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, мај 2006 г. Зборник на резимеа, стр.87.

**46. В. Спирова**, В. Симоновска:

„Стапката на инфекција на хируршка рана во истражување на квалитетот на болничката заштита". Трет конгрес на микробиолозите на Македонија со меѓународно учество, Охрид, мај 2006 г.. Зборник на резимеа, стр.93.

47. В. Симоновска, М. Спасовски, С. Трајковска, **В. Спирова** и др.:

„Пушењето како сигнификантен фактор на ризик за појава на коронарна артериска болест кај поединци со дијагностициран метаболен синдром". Regional Conference on Development of Public Health Education in SEE countries: "PUBLIC HEALTH EDUCATION – NEW CAREER PERSPECTIVES" 18-21 Maѕ 2006, Охрид, Р. Мацедонија.

**48. В. Спирова,** В. Симоновска, А. Србова, П. Малинска:

"Republic of Macedonia: The demographic transition and the challenge to tackle the health needs of the population". 3. Конгрес за превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2006 г.. Македонски медицински преглед 60: (суплемент 68), Зборник на резимеа, стр. 88.

49. В. Симоновска, М. Спасовски, С. Трајковска, **В. Спирова** и др.:

„Корелациска зависност на факторите на ризик за коронарна артериска болест кај поединци со и без дијагностициран метаболички синдром. 3. Конгрес за превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2006 г.. Македонски медицински преглед 60: (суплемент 68), Зборник на резимеа, стр. 9-10.

***Во периодот од последниот реизбор се објавени и презентирани следниве трудови:***

**50. В. Спирова,** Д. Донев:

"Inpatient quality indicators used in assessing the quality of care in hospitals in R. Macedonia in 2003". 4th Congress of the Croatian Society of Gastroenterology with international participation. 22. – 25. March 2006, Zagreb, Croatia.

**51. В. Спирова,** В. Симоновска:

"Quality of care in hospitals assessed against a set of selected inpatient quality indicators in the Republic of Macedonia in 2003". 3 Конгрес по превентивна медицина на Македонија со меѓународно учество, Охрид, октомври 2006 г.. Македонски медицински преглед 60: (Суплемент 68), Зборник на резимеа, стр. 92.

52. Д. Донев, **В. Спирова,** М. Кишман:

"System of health care quality assurance and control in Macedonia". Conference on the "Insitutionalization of health care quality in South Eastern Europe", 26th-27th February 2007, 2007, Тирана, Албанија.

**53. В. Спирова**:

"The use of quality accreditation processes in healthcare". Continuing professional development program for senior health care managers in Macedonia, Module title:Operations Management and Quality improvement, 04-06 Јуни 2007, Охрид, Р. Македонија.

**54. В. Спирова**:

"Patients rights and the patients' perspective on quality of care in Macedonia". Continuing professional development program for senior health care managers in Macedonia, Module title:Operations Management and Quality improvement, 04-06 Јуни 2007, Охрид, Р. Македонија.

**55. В. Спирова,** Д. Донев:

"Quality and safety in hospitals assessed against a set of selected inpatient quality indicators in R. Macedonia". PATIENT SAFETY RESEARCH CONFERENCE shaping the European agenda, 24-26 September, 2007, Porto, Portugal.

**56. Спирова:**

„Менталното здравје-јавноздравствен проблем на современото живеење". Воведно предавање на трибина „Емоционално и ментално здравје на младата популација-предизвици и превенција". Форум на НВО на Град Скопје, 9 октомври 2008 г., Скопје, Р. Македонија.

**57. Спирова:**

„Систем за следење и унапредување на квалитетот на здравствената заштита и акредитација во Р.Македонија “. Воведно предавање на Стручен семинар во рамките на посетата на делегацијата од Министерството за здравство на Република Турција, 17-18 јануари 2011 г., Скопје, Р. Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од извештајот и предложениот список на трудови кои ги објавила кандидатката примариус д-р сци. Весна Спирова во стручната и научна периодика, објавените трудовите кои ги соопштила на стручни и научни собири во земјава и во странство, може да се заклучи дека трудовите се работени со коректна современа методологија и имаат значајна теоретска и практична вредност.

Врз основа на прикажаната анализа и оценка на трудовите и целокупната стручна и научна активност на кандидатката примариус д-р сци. Весна Спирова, констатиравме дека ги исполнува сите улови за избор на наставник во звањето за насловен доцент за наставно-научната област Организација на здравствена служба.

Рецензентската комисија има задоволство и чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **примариус д-р сци. Весна Спирова да ја избере во звање насловен доцент за наставно-научната област организација на здравствена служба** на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Ѓорѓи Шуманов, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Милица Ивановска, редовен професор, с.р.**
**Д-р Милка Здравковска-Јанкуловска, вонреден професор, с.р.**

**П Р И Л О Г**

**Табела за вреднување на активности на примариус д-р сци. Весна Спирова според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип**

## НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вежби (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во периодот 1993-2007 година) | 16x14=224 | 0,2 | 44,8 |
| 2. | Одржани предавања на постдипломски студии по одржан курс 2006-2008 (3x4) | 12 | 3 | 36 |
| | **Вкупно** | | | **80,8** |

## НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Учесник во научен проект | 3 | 2 | 6 |
| 2. | Труд со оргинални научни резултати, објавен во зборник од трудови на научен собир во земјата | 10 | 1 | 10 |
| 3 | Учество на научен собир со реферат (усно), во земјава | 3 | 1,5 | 4,5 |
| 4. | Учество на научен собир со реферат (постер), во земјава | 7 | 1 | 7 |
| 5. | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | 8 |
| 6. | Студиски престој во странство | 1 | 8 | 8 |
| | **Вкупно** | | | **43,5** |

## СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

| Ред. број | Назив на активноста: | Број | Поени | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир | 37<br>8 | 2<br>3 | 74<br>24 |
| 2. | Стручни награди и признанија | 3 | 4 | 12 |
| 4. | Пленарно предавање на стручен собир во земјава | 2 | 2 | 4 |
| | **Вкупно** | | | **114** |

| | |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **80,8** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **43.5** |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | **114** |
| **Вкупно** | **238,3** |